NEWS
OCTOBER 11, 2012

ВО СТРУМИЦА ОТВОРЕНА ЈУБИЛЕЈНАТА ДВАЕСЕТТА БЕНЗИНСКА СТАНИЦА

На свеченото отворање на објектот присуствуваа амбасадорот на Руската Федерација во Република Македонија, Н.Е. г-дин Олег Николајевич Шчербак, митрополитот Европски Пимен, градоначалникот на општина Струмица г-динот Зоран Заев, пратениците на Собранието на РМ Славе Гошев и Васил Пишев, генералниот директор на ,, ЛУКОИЛ Македонија“ г-динот Андреј Михајлович Куку и други соработници и пријатели на ЛУКОИЛ. Бензинската станица е лоцирана на магистралниот пат М6 Струмица – Радовиш, на парцела со површина од 3.500 метри квадратни и со својот изглед го украсува излезот од градот Струмица. Изградена според најсовремени стандарди, бензинската станица се состои од мини маркет, мини бар, апарат за вода- воздух и 3 диспанзери кои овозможуваат истовремено точење на нафтени деривати на 6 возила. На овој објект, втор под брендот „ЛУКОИЛ“ во г. Струмица, на потрошувачите ќе им се овозможи да наточат „ЕКТО“ горива со врвен квалитет, течен нафтен гас, ЛУКОИЛ моторни масла, да се напијат вкусно кафе, да ги купат потребните производи од широкиот асортиман и да бидат услужени од професионалниот и секогаш добро расположен персонал.

Објектот работи 24 часа и на него се вработени 15 лица, жители на општина Струмица.